*Број: 02 - 3510/2*
*24.03.2010 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од LXXII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 08.03.2010 година со почеток во 14.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*

- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Елена Трпковска, седницата ја отвори заменикот на претседателот, Беким Сали. Откако утврди дека на седницата се присутни четири членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, ги извести присутните членови дека оваа седница е свикана како итна заради разгледување на состојбата со Специјалната болница по кардиохиурургија „Филип Втори“. Ова од аспект на висината на нејзиниот буџетски лимит и договорот што Фондот со неа го има заради обезбедување на здравствени услуги од областа на кардиохирургијата за осигурените лица. Во врска со тоа, го предложи следниот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Разгледување на состојбата со Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“.*

*Управниот одбор го прифати предлогот, и едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Разгледување на состојбата со Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“*

*Потоа се пристапи кон разгледување на единствената точка на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1*** *- Разгледување на состојбата со Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“*

*Директорката Парнарциева - Змејкова потсети дека и на минатата седница Управниот одбор беше запознаен со состојбата со оваа здравствена установа. Потоа додаде дека проблемите со Филип Втори се однесуваат на: 1. Фактурата за услугите од декември 2009 и висината на буџетскиот лимит што Фондот го утврдува на оваа установа; 2. Анексот на договорот не беше потпишан од*

*страна на Филип Втори; и 3. Констатацијата од петокот 5 март дека кварталниот буџет на болницата е веќе искористен. Поради искористеноста на кварталниот буџет, болницата веќе не дава услуги и ги упатува пациентите во Фондот да добијат информација како ќе им биде обезбедена потребната услуга. Освен тоа, Д-р Жан Митрев ги известил медиумите дека Фондот му должи многу и дека не може да го кредитира. Принципиелно, предлагаме да се воведе процедура за упатување на кардиохируршки операции во Филип Втори преку донесување на правилник. Во однос пак на актуелната состојба, предлагаме две можности за нејзино решавање. Една од дилемите е дали и понатаму да останеме на кварталниот буџетски лимит или лимитот да биде определен само на годишно ниво. Во Фондот сме склони на задржување и на кварталниот лимит. Сметаме и дека со воведување на протоколи, односно процедура за упатување на кардиохируршки операции ќе се преиспита постоечката динамика на операции и исцрпувањето на определениот буџет.*

*Љубиша Каранфиловски се согласи дека е потребно постоење и на квартален буџетски лимит и тоа заради контролирање на динамиката. Инаку, и сегашниот буџет од 400 милиони може лесно да се исцрпи. Сепак, наведе оти смета дека со утврдување на буџет од 400 милиони и дополнителни 46 милиони за 2009 година, ќе се надмине моменталната состојба на блокада.*

*Беким Сали пак праша дали може лимитот да се дефинира и месечно.*

*Лазар Трајчев наведе дека со склучување на анекс договор со кој за висината на буџетскиот лимит ќе се упатува на одлука на Управниот одбор, ќе се изедначат со другите здравствени установи кои од 01.04.2010 година ќе имаат таков договор. Со тоа Управниот одбор во зависност од средствата во буџетот и потребите на осигурените лица ќе може да ја менува одлуката.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова додаде дека со усвојување на одлуката за буџетскиот плафон и анексот на договорот, веќе нема да имаме дилеми во која година треба да припадне месецот декември.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на буџетски лимит на Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“ за здравствени услуги што ќе се извршат во 2010 година и одлука за утврдување на износ на средства што ќе се платат во 2010 година за здравствени услуги извршени во 2009 година***

*со која го утврди буџетскиот лимит на болницата за 2010 година на 400 милиони денари и утврди средства во висина од 46.118.075 да се исплатат на болницата од буџетот на Фондот за 2010 година, за здравствени услуги извршени во 2009 година.*

*Покрај тоа, едногласно донесе и*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на анексот на договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги од областа на кардиохирургијата на осигурени лица во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која утврди анекс на договорот со кој не се предвидува квартално ограничување на буџетскиот лимит на болницата.*

*По исцрпувањето на единствената точка на дневниот ред, Управниот одбор во 15.15 часот заврши со работата на LXXII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Елена Трпковска***